Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/7
Прилеп, 28.05.2025 год.

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп во 2024 год.**

**Член 1**

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, од 01.01.2024 до 31.12.2024 година:

- Симон Наумоски, неизвршен член, Претседател на О.Д.;
- Сашо Наумоски, извршен член, Генерален извршен директор;
- Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член;
- Горан Трајковски, независен неизвршен член;
- Маја Кадиевска-Војновиќ, независен неизвршен член.

**Член 2**

Одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп во 2024 година се изврши со поединечно гласање за секој член и врз основа на усвоената Годишна сметка за работењето за 2024 година, Извештаите кон годишната сметка и Годишниот извештај за работата на друштвото во 2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 384 став 4 од Законот за трговските друштва: „Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот.“

Во текот на целата 2024 година беа одржани вкупно 8 /осум/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 36 одлуки и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2024 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва. Речиси сите седници на Одборот на директори се одржаа во полн состав, со исклучок на три седници на кои на седницата учествуваа четири лица.

Секој од членовите на органот на управување активно учествуваше во работењето на органот, целосно, одговорно и совесно, извршувајќи ги законските и статутарните задолженија како член на органот. Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

_______________________